

Февруари, 2024
Број 2

# Бизнис МАГАЗИН

ЗА НОВИ ДИГИТАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ

# Во ова издание

ќе ви претставиме уште неколку напредни деловни алатки што ќе го усовршат вашето работење.

Ќе дознаете зошто дигиталното присуство на вашата компанија е пресудно во современиот деловен свет и на кој начин можете да го оптимизирате истото. Ова исто така важи и за хибридните настани коишто може да ги организира вашиот бизнис за да заштеди време и ресурси, како и за да допре до повеќе учесници на настанот.

Начинот на кој комуницира вашата компанија е имиџот којшто го претставувате пред вашите корисници и потенцијални нови клиенти. Затоа ве советуваме за дигиталното известување коешто се трансформираше во моќна алатка за бизнисите што овозможува динамична и мултимедијална комуникација преку дигитален сликовен весник. Секако, брзата интернет врска е неизоставен дел од двонасочната комуникација со глобалниот дигитален свет.

Откријте повеќе и за проектите во областа на е-здравството во Грција коишто целосно го менуваат начинот на работа, благодарејќи на поврзувањето на технологијата со медицинската експертиза со цел да се унапреди здравствениот систем, при што тој ќе стане висококвалитетен и достапен за сите.

Ве информираме и за безбедносниот оперативен центар – SOC за заштита од сајбер заканите што земаат замав во последниве години.

Успешната трансформација на вашиот бизнис продолжува со Т Бизнис магазинот којшто ве информира за најсовремените дигитални алатки и техники на работење.

T Business

## СОДРЖИНА



3
**ДИГИТАЛНО ПРИСУСТВО НА КОМПАНИИТЕ ВО ОНЛАЈН СВЕТОТ**

Дигиталното присуство претставува поставување на вашата компанија онлајн во дигиталниот свет и овозможува видливост на истата за клиентите, потенцијалните клиенти и деловни партнери.



4
**ХИБРИДНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРЕНОС НА НАСТАН**

Современиот начин на работа и живеење бара можности за интерактивно интегрирање на физичкото и онлајн учество во некој настан.



5
**БРЗ ИНТЕРНЕТ ПРИСТАП ЗА ПОДДРШКА НА ВАШИОТ БИЗНИС**

Во време на веб-базирани апликации и решенија за складирање во облак, од големо значење е можноста повеќе корисници истовремено да имаат квалитетна и брза интернет врска со симетрична брзина на пренос на податоци.



6
**РЕШЕНИЈА ЗА Е-ЗДРАВСТВО НА ОТЕ**

Како технолошки лидер и овозможувач на дигитализацијата, имаме одговорност да овозможиме технологијата и иновациите да бидат присутни насекаде, но и да ги користиме како алатка за намалување на дигиталниот јаз и за подобар живот за сите.



7
**ДИГИТАЛЕН СЛИКОВЕН ВЕСНИК**

Решенијата за дигитална дистрибуција на мултимедијални содржини (Digital Media Signage) претставуваат револуција во начинот на кој компаниите комуницираат со својата целна публика.



8-9
**БЕЗБЕДНОСЕН ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР - РЕШЕНИЕ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ**

Безбедносниот оперативен центар (SOC - Security Operation Center) е систем којшто функционира како централизирана точка за надзор, анализа и реакција при безбедносни инциденти во реално време.




# Дигитално присуство
## на компаниите во онлајн светот

**Дигиталното присуство претставува поставување на вашата компанија онлајн во дигиталниот свет и овозможува видливост на истата за клиентите, потенцијалните клиенти и деловни партнери**

Со оглед на тоа дека просечниот човек поминува повеќе од 6 часа на ден во онлајн светот, доброто дигитално присуство е неопходно за поголем деловен успех и значи дека вашите клиенти ќе можат полесно да ве најдат и да дојдат до вашите производи и услуги.

Затоа, битен чекор за успешна дигитализација е да ја поставите вашата компанија онлајн, но како? Одговорот е едноставен: со избор на услуги коишто ќе го унапредат вашето дигитално присуство. Битна компонента за учество во дигиталниот свет е поставувањето на компанијата онлајн, преку регистрација на интернет/веб-домен, веб-хостинг и креирање модерна веб-страница. Нашите услуги за дигитално присуство ви овозможуваат целосно решение и поддршка за поставување на вашиот бизнис онлајн. За препознатливост на вашата компанија на интернет и градење кредибилитет, потребно е да закупите домен и простор каде што ќе ја поставите вашата веб-страница. Доменот го преставува дигиталниот синоним на вашата компанија на интернет, додека веб-хостингот е местото за поставување на содржината во онлајн просторот.

За препознатливост на вашиот бизнис на интернет, ние нудиме можност за регистрирање сопствен домен, како на пример www.mojakompanija.mk, но и за закупување хостинг простор за вашата веб-страница и креирање е-маил адреси со вашиот домен (на пример info@mojakompanija.mk).

Секако, освен доменот и веб-хостингот, потребно е да имате и веб-страница којашто ќе го претстави вашиот бизнис, услуги и производи на најдобар можен начин. За оваа цел ја имаме услугата InOne, којашто претставува комплетно дигитално решение за поставување на вашиот бизнис онлајн. Со оваа услуга добивате модерна интернет страница и интегрирани алатки за дигитален маркетинг. Можете да креирате дигитални кампањи за промовирање на вашите производи и услуги и да водите подобра евиденција и грижа за вашите корисници. Услугата вклучува и централизиран контролен панел за ажурирање на веб-страниците според потребите на корисникот, како и следење на нивните перформанси. Дополнително, добивате обука за користење на платформата и професионална изработка на вашата веб-страница.

Сумарно, со нашите услуги за зајакнување на дигиталното присуство на вашата компанија, ви овозможуваме да ја реализирате вашата визија за онлајн присуство и е-трговија.

# ХИБРИДНА ОРГАНИЗАЦИЈА и пренос на настан

**Современиот начин на работа и живеење бара можности за интерактивно интегрирање на физичкото и онлајн учество во некој настан. Притоа, покрај пасивното учество и следење на настанот, потребно е да се овозможи и активно учество и интеграција на сите учесници, без разлика дали се физички присутни или се приклучени за онлајн следење на настанот. Иако ваквите хибридни настани доживеаја најголем пробив за време на пандемијата на КОВИД-19, времето покажа дека навиките и однесувањето на деловниот свет засекогаш се променија, а со тоа и потребата за организација на хибридни настани остана. Зошто е тоа така?**



Најважниот ресурс на денешницата е времето. Соодветното управување со времето стана предизвик и важен предуслов за зголемување на продуктивноста на компаниите. Хибридните настани штедат време и ресурси, како за учесниците, така и за организаторите. Хибридното работење не е само органзација на настани, туку и успешно работење од далечина, односно од дома и оди до таму што со негова помош во светот се прават заеднички сервисни интервенции, па дури и операции во болници. Меѓутоа, за да се направи успешен хибриден настан потребна е опрема со висок квалитет, поставена и употребувана од стручни лица, за да се овозможи беспрекорна организација на настанот и активно учество на учесниците.

Македонски Телеком веќе неколку години организира и изведува хибридни настани и притоа се покажа како доверлив партнер на компаниите и институциите во организацијата на настани од највисок ранг, за што сведочат десетици референци за успешна имплементација. Нашите професионалци во доменот на деловната колаборација им стојат на располагање на корисниците за соодветен дизајн на услугата согласно со конкретните потреби на настанот.

Услугата на Телеком ефективно го става организаторот во улога на „гостин" на сопствениот настан. Дел од услугата е висококвалитетна видео и аудио опрема којашто се контролира на далечина и овозможува HD видео и аудио пренос од местото на настанот, висококвалитетен видео и аудио пренос на онлајн учесниците, снимање на настаните, употреба на симултани преводи без дополнително оптоварување на преведувачите во сала, употреба на онлајн симултани преведувачи, снимање и монтажа. Во зависност од големината на настанот, на располагање имаме повеќе висококвалитетни роботизирани или студиски камери коишто се поставуваат на одредени точки и се контролираат на далечина, најчесто без употреба на камермани. Нудиме можност и за употреба на безжични камери со камерман којшто се движи низ местото на настанот.

Од аспект на видео покривање, настаните ги организираме со студиски камери или со камери коишто се поврзуваат на комуникациска платформа со покриеност со соодветни лиценци (пр. Cisco Webex, Microsoft Teams, Zoom...), во зависност од специфичните потреби на организаторот и приоритетите кои настанот треба да ги реализира. Исто така, се користат висококвалитетни фокусирани или широкопојасни микрофони за висококвалитетен аудио влез. Опремата се интегрира и се контролира на едно место со аудио/видео миксери, односно се врши продукција.

Дополнително, располагаме со монитори, проектори и висококвалитетни LED екрани за внатрешна или надворешна употреба, коишто им ги отстапуваме на корисниците за време на користењето на услугата.

Вреди да се спомене дека за најголемиот меѓународен настан што се одржал во земјава во изминатите 30 години – Министерскиот состанок на ОБСЕ, нашата држава ги собра сите пофалби за организацијата, а ние сме горди што учествувавме како технолошки лидер со обезбедување поддршка за покривање на хибридниот настан. Нашиот тим од врвни професионалци во двата дена на состанокот обезбедуваше континуиран визуелен, аудио и сателитски пренос, пренесуваше и конференции на маргините и дигитални состаноци, а обезбеди и хибридно студио. Беспрекорна услуга со највисок можен квалитет, беа оценките на организаторите.



# Брз интернет пристап за **поддршка на вашиот бизнис**

**Бизнисите и институциите во модерното време зависат од брзата и стабилна интернет конекција. Во време на веб-базирани апликации и решенија за складирање во облак, од големо значење е можноста повеќе корисници истовремено да имаат квалитетна и брза интернет врска со симетрична брзина на пренос на податоци.**

Портфолиото на МакедонскиТелеком нуди повеќе опции за обезбедување интернет пристап, како што се: дедициран интернет линк со симетрична брзина на пристап и вклучени статички јавни IP адреси (FlatNet Pro), симетричен интернет пристап преку оптичка инфраструктура со неограничен проток на податоци (Business Internet), како и интернет преку мобилна податочна мрежа. Без разлика кој тип на интернет пристап ги задоволува вашите бизнис барања и дали го користите за примарен интернет линк или како резервен линк, сите опции вклучуваат загарантирани SLA параметри, со што ви е овозможено да се фокусирате на вашиот бизнис и да се потпрете на квалитетната услуга. За техничка поддршка, Македонски Телеком АД има 24/7 центар за поддршка, задолжен проектен менаџер за секој корисник како и тим составен од професионални инженери и техничари, коишто се обучени да се справат со евентуалните пречки во очекуваната временска рамка, но и да излезат пресрет на променетите барања од корисниците.

Мобилниот интернет е овозможен преку целуларна мрежа и е суштински дел од дигиталната иднина на вашиот бизнис. Тој се карактеризира со висока брзина на пренос на податоци, високо ниво на безбедност и врвен квалитет и овозможува широка палета на примени. Истиот може да се користи и како примарен линк на специфични локации на кои нема техничка можност за реализација на жичана конекција, за банкомати, POS терминали и мобилни уреди како што се таблети, PDA-уреди и слично.

Со избор на некој од пакетите со вклучени статички јавни IP-адреси добивате високо безбеден и брз интернет пристап, којшто се реализира преку оптичката мрежа и се карактеризира со висока доверливост и стабилност и може да се користи и за креирање на приватни бизнис VPN-поврзувања. Со овој тип на услуги корисниците бесплатно добиваат и веб-базирана апликација којашто овозможува мониторинг на сообраќајот и креирање месечни извештаи за искористеноста на линковите. Опремата, којашто претставува рутер од висока класа во сопственост на Македонски Телеком, е вклучена во услугата и им се дава на користење на корисниците за целото времетраење на договорот.

За мали и средни бизниси коишто имаат потреба од големи брзини, безжичен интернет пристап и немаат потреба од јавни статички IP адреси, на располагање ги имаме Business Internet пакетите, меѓу кои има и опција за неограничен пренос на податоци. Овие пакети покрај тоа што можат да се користат како примарна интернет конекција за малите и средни претпријатија, можат да послужат и како редундантен, резервен линк.

Во зависност од специфичните кориснички потреби, Македонски Телеком нуди и решенија за дополнително каблирање по потреба на секоја локација, решенија за управуван LAN, управувана мрежна безбедност, како и обезбедување решенија за управувана WiFi мрежа. За овој тип решенија, на располагање ви се нашите експерти коишто ќе извршат посета на локација и ќе предложат соодветно техничко решение скроено по мерка на секој корисник.

Светот станува се повеќе дигитален и мобилен – а со тоа и вашиот бизнис се трансформира. Со нашите опции за интернет пристап и мобилните услуги, гарантираме сигурна, континуирана и брза интернет конекција.

# РЕШЕНИЈА ЗА **Е-ЗДРАВСТВО НА ОТЕ**

**Во областа на здравствената заштита којашто брзо се развива, во рамките на Групацијата Дојче Телеком се појавија решенија за е-здравство коишто целосно го менуваат начинот на работа, беспрекорно комбинирајќи ја технологијата со медицинската експертиза за да се подобри грижата за пациентите, да се оптимизираат процесите и да се револуционизира здравствената заштита.**

Овие дигитални алатки опфаќаат широк опсег на апликации и функционалности коишто им овозможуваат на пациентите, лекарите и фармацевтите да пристапуваат и да управуваат со медицинските информации во модерна и безбедна средина (веб-портали, API за апликации од трети страни). Покрај тоа, тие придонесуваат за задоволување на зголемената социјална потреба: обезбедување здравствен систем којшто е висококвалитетен, достапен за сите, економичен и ефикасен.

Во текот на изминатите години, Групацијата ОТЕ беше еден од главните придонесувачи во трансформирањето на здравствената заштита во Грција во дигиталната ера. Тоа започна во 2012 година со проектот за е-рецепт, а потоа следеа уште неколку битни проекти за грчкиот јавен здравствен систем:

- **Е-рецепт**, модул којшто целосно ја елиминира хартијата, заменувајќи ја со СМС и/или е-пошта. Решението им овозможува на корисниците далечински да ги добиваат нивните медицински рецепти, нешто што е особено корисно за пациентите со хронични или заразни болести. Освен тоа, придонесува и за помала потрошувачка на хартија. Придобивките



обезбедија валидација на рецептите и упатите врз основа на правила и контрола на законитоста на движењето на лековите во синџирот на снабдување, како и безбедност и квалитетна нега на пациентите.

- **Национална мрежа за телемедицина (EDIT),** интегриран сеопфатен здравствен систем на станици за телемедицина (веб-страници за пациенти и консултанти/доктори) и системи за следење на домашна нега со отворена архитектура која може да се проширува. Овој систем нуди неограничен пристап до здравствените услуги за жителите на оддалечените области каде што временските услови, особено во зима, оневозможуваат итно пренесување на пациентите до специјалисти. Покрај тоа, системот овозможува интерконекција со медицински мерни инструменти прилагодени на потребите на секој пациент и заштедува ресурси за здравствениот систем со ограничување на непотребните трансфери и непотребното патување на медицинскиот персонал.

- **Е-термини**, апликација којашто им овозможува на граѓаните да закажат лекарски преглед онлајн, 24/7, лесно и брзо во структурите на примарната здравствена заштита.

- **Апликација Мое здравје**, мобилна апликација на која граѓаните можат да пристапат и да управуваат со нивната здравствена евиденција. Корисниците можат лесно да ги гледаат и да управуваат со информациите за нивните рецепти, упати, лекарски термини, резултати од прегледи, вакцинација на деца, историјат на хоспитализација и медицински уверенија. Покрај тоа, тие добиваат автоматски известувања за секој нов рецепт или упат за преглед издаден на нивниот број за социјално осигурување.

- **Регистри на болести**, многу различни проекти кои имаат за цел да креираат национална евиденција за пациенти кои страдаат од специфични хронични болести, кои ќе бидат веднаш достапни за овластените даватели на здравствени услуги. Тоа обезбедува лесно следење на демографијата на пациентите, состојбата на болеста, исходот по пациент, како и ефикасноста и безбедноста на применетите третмани и обезбедените здравствени услуги. Исто така, овозможува правилно планирање на превентивните активности и рано дијагностицирање на национално ниво.

Освен во Грција, Групацијата ОТЕ го започна проектот **Е-здравство Кипар**, кој се однесува на имплементација на интегриран информациски систем за здравство за оперативна и технолошка модернизација на сите јавни здравствени единици во земјата и за надградба и подобрување на здравствените услуги што ги обезбедува Република Кипар како за граѓаните, така и за здравствените работници.



# **ДИГИТАЛЕН** СЛИКОВЕН ВЕСНИК

**Решенијата за дигитална дистрибуција на мултимедијални содржини (Digital Media Signage) претставуваат револуција во начинот на кој компаниите комуницираат со својата целна публика (корисници, вработени, партнери...). Можностите коишто ги нудат овие решенија се многубројни, од реклами и промоции, преку ажурирања на новости во реално време, па сè до приказ на финансиски параметри како курсна листа и каматни стапки, предупредувања за итни случаи и дистрибуција на обуки и тренинзи. Дигиталното известување помина долг пат од статичните и традиционалните начини на комуникација и претставува моќна алатка за бизнисите која нуди флексибилност, динамичност и интерактивна комуникација.**

Македонски Телеком го има потребното решение и експертиза за реализација на ваков тип на услуга. Услугата за Дигитален сликовен весник ја обезбедуваме по принципот “клуч на рака”. Таа се состои од апликативен софтвер инсталиран на Cloud инфраструктурата на Македонски Телеком којшто е дизајниран за достапност 24x7x365, вклучени екрани и/или надворешни ЛЕД панели за приказ на содржините за целото времетраење на договорот, со изработка на конструкција и монтажа, интернет пристап до секоја локација каде што е потребно да се имплементира решението, професионален тим за проактивен мониторинг на платформата и управување со дигиталните содржини и одржување. Информациите и пораките се објавуваат веднаш, на секој од екраните/панелите вклучени во решението, независно од нивниот број, без оглед на нивната локација и без ограничување во зачестеноста на промените на содржините.

Ова решение е идеално за многу типови бизниси, како ресторани, трговски центри, продавници за малопродажба, медицински клиники, банки, аптеки, арени, автобуски станици, корпоративни канцеларии и многу други. Истото се користи за приказ на богата и динамична содржина со модерен дизајн, за пренесување информации во живо, за маркетинг и рекламирање, за промовирање производи и услуги и за зголемување на свеста за брендот. Притоа, содржината за приказ на екраните може да се менува одориснички ориентирана апликација во работното време во содржина ориентирана кон вработените вон работното време, односно за внатрешна комуникација, обука и мотивација на вработените, за споделување вести од компанијата, за безбедносни ажурирања и други важни пораки. И секако, решението може да се користи за сигнализација за помош на посетителите да се движат низ зградите и објектите или за да им се даде некоја битна и итна информација.

Без разлика дали вашата цел е да го подобрите маркетингот, да ги ангажирате вашите вработени или да го поедноставите споделувањето на информации, Дигиталниот сликовен весник може да ви помогне во остварувањето на вашите цели и да останете конкурентни во дигиталната ера.



# БЕЗБЕДНОСЕН ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР - **РЕШЕНИЕ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ**




**Безбедносниот оперативен центар (SOC - Security Operation Center) е систем којшто функционира како централизирана точка за надзор, анализа и реакција при безбедносни инциденти во реално време. Тоа е решение коешто исто така содржи и напредна компонента за следење и детекција на потенцијални сајбер безбедносни закани, коишто се голем ризик не само во однос на материјалната штета што можат да ја предизвикаат кај деловните субјекти, туку и во однос на репутацијата на нападнатата компанија.**

Безбедносниот оперативен центар (SOC - Security Operation Center) е систем којшто функционира како централизирана точка за надзор, анализа и реакција при безбедносни инциденти во реално време. Тоа е решение коешто исто така содржи и напредна компонента за следење и детекција на потенцијални сајбер безбедносни закани, коишто се голем ризик не само во однос на материјалната штета што можат да ја предизвикаат кај деловните субјекти, туку и во однос на репутацијата на нападнатата компанија.

Додека антивирусните програми обезбедуваат основна заштита на веќе познати закани, а услугите за интернет безбедност (DNS - Domain Name System) обезбедуваат заштита од закани коишто произлегуваат од небезбедни интернет страници, SOC обезбедува целосен систем којшто вклучува:

- мониторинг на мрежата,
- анализа на податоците,
- реакција по настанат инцидент и
- одговор за разрешување на безбедносните нарушувања.




Дополнително, SOC обезбедува напредни аналитички способности меѓу кои и стражување на необични активности и детекција на нови видови закани. Системот ги следи и реагира на различните безбедносни инциденти (неочекувани и напредни напади) со проактивен пристап насочен кон одвраќање и управување со инцидентите.

Кај организациите без SOC решение можат да се појават сериозни предизвици во поглед на обезбедувањето на системите и податоците. Заштитата со антивирусни програми е ограничена и со недостатоци во однос на новите и напредни форми на малициозни напади. Без централизирано место за надзор и реакција, компаниите се оставени на сопствените лимитирани ресурси за откривање и решавање на инцидентите, што може да резултира со забавен или несоодветен одговор на заканата.

Системите без SOC, поради недостатокот на целосна анализа и мониторинг, се подложни и на неочекувани напади како на пример фишинг (phishing) или напади на апликации кои изгледаат како обични датотеки и можат да ја избегнат првата линија на заштита и со тоа да создадат ранливост на системот.

Ова решение е идеално за компании коишто имаат ограничен број или воопшто немаат ИТ експерти за безбедност, коишто имаат делумна заштита и кај компании коишто се со пониска свесност за сајбер безбедноста. Решението се нуди и во форма скроена за помалите, средните и малите компании.

Тимот на SOC на Македонски Телеком ја следи безбедноста на крајните точки, серверите, базите на податоци, мрежните апликации, веб-страниците и другите системи за да открие потенцијални сајбер напади во реално време. На пример, ако решението коешто е имплементирано во компанијата забележи некоја необична активност во компјутерската мрежа, како надворешен обид за нелегален пристап или вирусен напад, информациите за овие инциденти би се испратиле до SOC. Таму, нашиот инженерски тим за сајбер безбедност би ги прегледал и би направил анализа на овие инциденти, би ги идентификувал заканите и би предложил соодветни мерки за спречување на можното нарушување на безбедноста и сигурноста, вклучувајќи и изолација (quarantine).

Овој процес може значително да го подобри нивото на сигурност и  заштита на компанијата.

Позначајни предности на нашето SOC решение се:
- Високо ниво на детекција на сајбер напади
- 24/7 инженерска поддршка
- Повеќе од 180 инженери коишто поддржуваат технологии од различни светски производители и коишто поседуваат различни релевантни сертификати од областа на сајбер безбедноста
- Придржување до ISO27001, PCI-DSS, безбедносните стандарди на Дојче Телеком
- Размена на информации и соработка помеѓу SOC центрите во рамките на Групацијата Дојче Телеком во однос на можни безбедносни инциденти и закани
- Големо искуство стекнато со практична работа за заштита на реномирани компании и институции, и
- Преку 125 референтни корисници.

# Бизнис МАГАЗИН
ЗА НОВИ ДИГИТАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ

**ИЗДАВАЧ:**
Македонски Телеком АД

**ОДГОВОРНИ ЗА СОДРЖИНАТА:**
Македонски Телеком АД

**ФОТОГРАФИИ И ИЛУСТРАЦИИ:**
Фотографиите се обезбедени од базата на Deutsche Telekom

**КОНТАКТ:**
МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД
Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје
КОНТАКТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ
телефон.: 120
е-адреса: biznis.kontakt@telekom.mk
web: telekom.mk/business

**© 2024. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ. СИТЕ ПРАВА СЕ ЗАШТИТЕНИ**

**Сите текстови и фотографии во магазинот се заштитени со авторски права. За нивно користење потребна е дозвола од Македонски Телеком.**

**Сите трговски марки споменати во магазинот се сопственост на компаниите коишто ги поседуваат правата од индустриска сопственост.**